**ИНФОРМАЦИЈА**

**Проект Интерконективен Гасовод Северна Македонија – Грција**

Оваа гасоводна делница претставува дел од Националниот гасификационен систем во Република Северна Македонија. Проектот Интерконективен гасовод Северна Македонија - Грција претставува проект со кој ќе се обезбеди сигурност во напојувањето со гас, како на Република Северна Македонија така и на регионот. Со оваа делница се обезбедува спој на постојната магистрална мрежа во РСМ со гасоводната мрежа во Грција.
Појдовна точка на трасата во Северна Македонија е границата со Грција во близина на селото Идомени и градот Гевгелија каде завршува грчкиот дел од гасоводот. Завршна точка е веќе изградената блок станица (блок станица БС 7) на новиот гасовод Штип - Неготино, во близина на градот Неготино. Должината на трасата на гасоводот и 68 км и со пречник Ф700.
Инвеститор на Проектот е **НЕР АД Скопје** - Национални Енергетски Ресурси, акционерско друштво за вршење на енергетски дејности, Скопје, во државна сопственост.

**Важност на проектот:**

- **Поддршка на гасификацијата на земјата со обезбедување на интерконекциска точка што може да снабдува големи количини на гас за да се задоволи очекуваниот раст на побарувачката,**
- **Обезбедува сигурност во снабдувањето со нудење диверзификација на извори на снабдување,**
- **Обезбедува интеграција на пазарот со цел да им се овозможи на потрошувачите во Северна Македонија да имаат цени на гасот слични на оние на соседните земји,**
- **Одржлив извор на енергија за земјата која има слаб индекс на интензитет на емисија.**

Согласно законската регулатива на РСМ е изработена соодветна техничка документација и постапка за Оцена на Влијание врз Животна Средина (ОВЖС) со цел да се утврди усогласеност со стандардите за животна средина и социјални аспекти, односно осигура дека проектот ги вклучува сите потребни мерки за заштита на животната средина и социјалните аспекти како основен услов за добивање согласност за негова реализација. Покрај применетите национални законски барања исто така се применети Политиките за животна средина и социјални аспекти на Европска Банка за Обнова и Развој (ЕБОР) и Европска Инвестициска Банка.

Изработен е **Елаборат за трајна и времена експропријација со кое е утврдена потребата за пристап кон земјиште во општините Гевгелија, Богданци, Демир Капија и Неготино**, односно соодветните катастраски оштини **КО Неготино, КО Тимјаник, КО Дуброво, КО Тремник, КО Прждево, КО Чифлик, КО Дрен, КО Демир Капија, КО Петрово, КО Миравци вон град, КО Габрово, КО Смоквица, КО Прдејци, КО Негорци, КО Стојаково, КО Ѓавато, КО Богданци вон град** и **КО Богородица**.

Изработен е исто така План за вклучување на засегнати чинители и заедницата и консултации со јавноста за време на оцената на животна средина и социјални аспкети и развој на техничката документација согласно националната законска регулатива и барањата на ЕБОР.

Генерална поставеност на проектот е представена на следната слика:




Во рамки на процесот на вклучување на засегнати страни жителите имаат можност за доставување на прашања или загрижености преку соодветна комуникација и формулар кој ќе биде објавен на веб-страницата на одговорната институција за проектот Национални Енергетски Ресурси (НЕР АД Скопје) или во општините во Проектната област.

Прашањата ќе можат да се поднесат во писмена форма и пополнување на формулар ќе биде достапен во општинската администрација на општините низ кои поминува гасоводот. Освен со писмен формулар, прашањата ќе можат да се поднесат и со контактирање со Одговорните инженери за проектот телефонски или лично.

Контактите со Национални Енергетски Ресурси (НЕР АД Скопје) се следните:

1. **Иво Шурбановски** ivo.shurbanovski@mer.com.mk моб.: +389 75 269 754
2. **Александар Апостолоски** aleksandar.apostoloski@mer.com.mk моб.: +389 75 269 763